**IPA Cross-Border Programme,**
**CCI Number 2007CB16IPO007**
**JOINT TECHNICAL SECRETARIAT**

ДО:

______________________________

______________________________

# И З В Е С Т У В А Њ Е

**Почитувани корисници (бенефициенти)**

Тргнувајќи од националните прописи во Р. Македонија, кои ги уредуваат постапките за регистрација и имплементација на проектите финансирани од Европската Унија, ве информираме дека **Вие како корисници** (бенефициенти) на грантови (финансиски средства) преку ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Бугарија, веднаш по потпишувањето на договорите со соодветниот орган, **треба да пристапите кон Регистрација на проектот во ЦДАД (Централна база на податоци за странска помош) при Секретаријатот за Европски Прашања, како и во Управата за Јавни Приходи – Главна дирекција Скопје (заради добивање на Единствен Даночен Број ЕДБ).**

## 1. Регистрација на проектот во ЦДАД (при Секретаријатот за Европски Прашања)

Централната база на податоци за странска помош овозможува регистрирање на проекти кои се финансирани со неповратни парични средства на странски донатори. За овие проекти постои процедура за ослободување од царина и други давачки, акциза и данок на додадена вредност (ДДВ).

Постапката ја поведува субјектот задолжен за реализирање на проектот финансиран со парични неповратни средства на странски донатори, за кој постои договор помеѓу Владата на Република Македонија и странскиот донатор, и каде што стои клаузула дека донираните средства не можат да се користат за плаќање на јавни давачки во Република Македонија.

За започнување на процедурата за ослободување од царина, ДДВ и други давачки за официјалните потреби на проектот (детално објаснување има во Упатството издадено од Министерството за финансии), **проектот мора да се регистрира во Секретаријатот за Европски прашања при Владата на Република Македонија.**

07, Marin Drinov Str., 2500 Kyustendil, Bulgaria
Phone. ++ 359.78. 55 11 83, Fax ++ 359.78. 55 11 85,
E-mail: jtsipakyustendil@gmail.com

Процедура за регистрација на проектот во Секретаријатот за европски прашања - Сектор за координација на ЕУ фондови и друга странска помош и Централната база на податоци за странска помош (ЦДАД)

Субјектите задолжени за реализација на проектот - имплементатори треба да ја поднесат следнава документација до Секретаријатот за европски прашања:

1. **Барање за регистрација на проектот во ЦДАД – пополнето, потпишано и заверено со печат од имплементаторот на проектот (превземи Барање);**

2. **Копија од договорот помеѓу субјектот за спроведување на проектот-имплементатор и странскиот донатор или негов овластен претставник;**

3. **Копија од проектната документација вклучувајќи и преглед за буџетот на проектот.**

Документите можат да се испратат по пошта или лично да се доставаат до Архивата на Секретаријатот за европски прашања. Потврдата за извршена регистрација на проектот се издава во рок од неколку дена по приемот на барањето и соодветната документација, и истата е со важност од денот на издавањето.

Субјектите задолжени за реализација на проектот - имплементаторите се обврзани да го информираат Секретаријатот за европски прашања за секоја промена на информациите за проектот.

**Контакт лице во Секретаријатот за европски прашања:**

**Цилковски Мите**
**Секретаријат за европски прашања**
**Влада на Република Македонија**
**е-пошта: mite.cilkovski@sep.gov.mk**
**тел. ++389 2 3200 259**

**2. Регистрација во УЈП (Главна дирекција – Скопје)**

Имплементаторите за остварување на ослободувањето од царина и други давачки, акциза и ДДВ, при увоз на добра-стоки, треба да земат единствен даночен број (ЕДБ) за проектот во Управата за јавни приходи - Регионална дирекција Скопје.

За издавање на потврда за остварување на ослободувањето од царина и други давачки, при увоз на добра-стоки за реализирање на проектите, имплементаторот поднесува барање до Министерството за финансии, и ги приложува следните документи:

- **Фактура или профактура од странскиот испорачател или договор за купопродажба (или друг документ за купопродажба);**

**- Копија од потврдата за регистрација на проектот во Владата на Република Македонија – Секретаријат за европски прашања;**

**- Копија од договорот помеѓу имплементаторот и странскиот донатор или негов овластен претставник (се доставува само при првото поднесување на барање).**

За повеќе детали во однос на процедурите за спроведување на ослободување од царина и други давачки при реализирањето на проектите, во прилог на овој допис ви ги испраќаме и следните документи:

**1) Барање за регистрација на проектот во ЦДАД;**

**2) Упатство за начин на спроведување на ослободувањето од царина и други давачки, акциза и данок на додадена вредност (ДДВ), при увоз на добра-стоки и за обезбедување на средства за плаќање на акциза и ДДВ за прометот на добра и услуги во земјата потребни за реализирање на проекти финансирани со парични неповратни средства на странски донатори (бр.08-17077/1 од 07.08.2003 год. И дополнување бр.10-3780/1 од 10.02.2005 год.)**

**3) Упатство за изменување и дополнување на Упатството за начин на спроведување на ослободувањето од царина и други давачки, акциза и данок на додадена вредност (ДДВ), при увоз на добра-стоки и за обезбедување на средства за плаќање на акциза и ДДВ за прометот на добра и услуги во земјата потребни за реализирање на проекти финансирани со парични неповратни средства на странски донатори (бр.20-44415/1 од 29.12.2009 год.)**

Истите овие документи, како и други дополнителни информации може да најдете и на следните корисни линкови: www.finance.gov.mk (Министерство за финансии) и www.ujp.gov.mk (Управа за јавни приходи).

Ќустендил 10.06.2010

Драган Величковски

*Експерт – односи со јавност*

/ЗТС/ Ќустендил